# KNAUF STORY

Број 11, декември 2013




Тема на бројот:
**КНАУФ ВО ИЗГРАДБА НА ХОТЕЛИ**

Референтен објект:
**ХОТЕЛ „СОЛУН“- СКОПЈЕ**

Фото сторија:
**KNAUF JUNIOR TROPHY 2013**

KNAUF Newsletter

# Кнауф Нивелир 415

## (Knauf Nivellierspachtel 415)

**Самоизрамнувачка смеса за фино израмнување на подови во внатрешни простории, за нерамнини до 15 милиметри.**



Кнауф Нивелир 415 е погоден за сите видови подлоги: естрих на база на калциум сулфат, цементни кошулки, за порамнување на подигнати (двојни подови), сувомонтажни подови... Слој со дебелина од само 2 милиметри е доволно отпорен на движење на стол со тркалца. Смесата може да се нанесува рачно или машински, а времето на сушење е релативно кратко. Сето ова во комбинација со поволната цена го прават Кнауф Нивелир 415 вистински избор за порамнување на подови, со најздравиот градежен материјал - гипсот.






*Почитувани,*

*И оваа 2013 година полека но сигурно ја испраќаме во минатото. Во 2013 имамвме многу нови градби и со задоволство може да launchмесе дека ние, во Кнауф, сме горди што сме дел од многу од нив, како со нашите градежни материјали, така и со нашата енергија во облик на техничка поддршка на сите кои одлучија да вградат проверени и испитани материјали, бидејќи знаат што е добро за нивната градба.*

*Во овој број пишуваме за Кнауф системите во изградбата на хотелите. Во Скопје и низ Македонија се во процес на изградба хотели од многу реномирани светски брендови (Мериот, Хилтон, Ибис,...), но и помали хотели, и ние секако сме присутни во речиси сите, со повеќе решенија за плафони, ѕидови, подови, фасади, итн. Во модерните хотели, без разлика дали е тоа реновирање на стар објект или градење на нов, интелигентните решенија на сувата градба се неизбежни. Широчината на решенијата, брзината на градење, многуте можности за секаков и најхрабар дизајн, звучната заштита, противпожарните карактеристики, сеизмиката,...навистина предностите на Кнауф системите се добро познати. Низ хотелите низ Скопје, но и Битола, Гевгелија, Дојран итн. Кнауф веќе одамна не е само проверен партнер во градењето на ѕидови туку и на подови, фасади, купатила, спа центри...*

*Во овој број Ви го најавуваме и нашиот новиот производ од гамата производи за подови - Кнауф Нивелиршпахтел. Кнауф како иновативна компанија ќе продолжи да нуди нови решенија за сите сегменти во градбата. Кнауф има храброст да инвестира во новитети кои ќе ги направат нашите градби поквалитетни, поубави и подолготрајни.*

***Ви посакувам Среќна Нова 2014 година полна со здравје, успеси и убавина.***

***Срдечно Ваш,***

***Тодор Деловски,***
*Регионален директор на Кнауф*

Тема:
КНАУФ ВО ИЗГРАДБА НА ХОТЕЛИ 4

Референтен објект:
ХОТЕЛ “СОЛУН”- СКОПЈЕ 8

Фото сторија:
KNAUF JUNIOR TROPHY 2013 10

Кнауф партнер:
Силинг ДООЕЛ - Скопје
Knauf AMF – All My Friends 12

КНАУФ Академија:
КОРИСНИ ПРЕДАВАЊА ОД СТРУЧНИ ЛИЦА, ЗА АКТУЕЛНИ ТЕМИ 14

КНАУФ Практикант:
АСТРИД МАЕР 15

Кнауф вработен:
Г-ѓа Лидија Туфа
КНАУФ, ДОБАР ДЕН! 16

Knauf Story е newsletter на Кнауф во Македонија.
Редакција: Кнауф Маркетинг, бул. Александар Македонски 66 Скопје.
Членови на Редакцијата: Роберт Смилески, Велимир Петровски, Тодор Деловски, Блажен Зотовски.
Фотографии: Роберт Смилески, КНАУФ фото-датотека.
Дизајн и подготовка: Република. Тираж: 1500 примероци
www.knauf.com.mk

KNAUF

# КНАУФ ВО ИЗГРАДБА НА ХОТЕЛИ




Во својата 81-годишна традиција, од кои 20 години директно вклучени во Македонското градежништво, Кнауф може да се пофали со учество во изградбата на најреферентните хотелски објекти ширум Македонија и светот.

За мене, најтрагичниот момент во изградбата на еден хотел е моментот кога туристот, сместен во удобноста на готовиот објект, спремен да заборави на секојдневните грижи, го фрла куферот во хотелската соба и почнува да се воодушевува на декоративните елементи на собата. Тапетите, керамичките плочки, дизајнот на тенкиот ЛЕД телевизор, завесите, драпериите, столната ламба во ќошот, па конечно и љубезноста на персоналот. Ниту еден гостин, кој ја немал честа да биде дел од градежништвото, ниту на момент нема да помисли на целиот труд вграден во невидливата страна на хотелот. Финансиската конструкција, идејниот проект, главниот проект, усогласувањето на можностите, потребите и легислативата, желбите на инвеститорот, ограничувањата на општината, Нојферт и димензиите, противпожарниот елаборат, сите оние техничко-технолошки новости кои модерното градежништво ни ги налага, нивната компатибилност, гаранции, атести, сертификати, избор на материјали, нивна визуелизација и анализа на употребливоста, класа на издржливост, ефектот на текстурите и шарите во ентериерот, енергетската ефикасност на објектот, изолацијата помеѓу собите, звучната изолација, трајноста на вградените системи, контрола на квалитетот на вградувањето на материјалите... Да набројувам уште? На сето ова, туристот уште стои фасциниран од наивната слика на локалниот пејсаж, поставена точно над кинг-сајз креветот, одушевувајќи се на тие 45 минути труд на локален уличен уметник.

Она што секој градител на хотел може да го направи, е целиот свој труд вложен во изградбата на истиот да го направи барем поблизок на безгрижноста на тој турист, во тие избрани 10 дена. Тоа може да го постигне само со соработка со искусни соработници, кои на драго срце би преземале дел од товарот на планирањето и изборот на материјали и системи.

Во својата 81-годишна традиција, од кои 20 години директно вклучени во Македонското градежништво, Кнауф може да се пофали со учество во изградбата на најреферентните хотелски објекти ширум Македонија и светот.



Хотел “Ramada Princess” - Гевгелија



Хотел “Ramada Princess” - Гевгелија

Целото искуство, во комбинација со временскиот период, ги кристализираше областите во кои Кнауф може да ве обезгрижи:

**1. Лобито како елемент на прва импресија.**

- Системите за сува градба нудат целосна слобода во идеите за воодушевување на гостите, уште при првиот влез во хотелот. Гипсените материјали нудат единствени и функционални дизајнерски решенија на просторот. Белата боја нуди можности за обојување и осветлување, како начин на давање на посебен идентитет на секоја просторија. Истиот идентитет кој го формира и дизајнерски решената таваница на просторијата. Основната бела боја на Кнауф материјалите, овозможува, дифузната светлина со поголема леснотија да допре и до оние ќошиња кои при примена на неподобни материјали би останале темни и неудобни.

**2. Конструктивни решенија на лобито.**

- Поради фреквенцијата и начините на користење на овој простор, главни барања на ентериерот се звучна изолација и комфор, издржливост и противпожарност. Овој простор е интензивно употребуван, па има потреба од екстремно издржливи материјали, отпорни на оштетување, какви Кнауф секако има. Градежната регулатива бара незапалливи материјали на сите позиции во хотелот. Гипсот е целосно незапаллив материјал, со класа на градежни материјали во кои учествува, до највисокото А1 ниво.

**3. Моќта на тишината.**

- Во вакви широки и отворени простори, како хотелските лобија, таваниците можат да допринесат за совршено “мирна” акустика и комфор. До сето ова со примена на Кнауф Cleaneo перфорираните плочи, со ефект на прочистување на воздух. Ем чист и разбирлив звук, ем чист и здрав воздух. Соодветните ревизиски отвори за сите видови на таваници, ќе ви овозможат непречен и практичен увид во сите системи скриени над совршената естетика на спуштениот таван.

> Ниту еден гостин, кој ја немал честа да биде дел од градежништвото, ниту на момент нема да помисли на целиот труд вграден во невидливата страна на хотелот.

*Knauf als Produzent von hochqualitativen Baumaterialien ist in den meisten repräsentativen Hotels in Mazedonien, als auch im Ausland, angewendet worden. Alle verschiedenen Arten von Knauf Gipsplatten und Putzen bieten Architekten und Monteuren die Verwirklichung ihrer tapferen Designideen und auf die Bauten sind auf der anderen Seite komfortabel, flexibel, einfach instand haltbar und sicher.*

*Knauf as a producer of high quality building materials has been used in the most representative hotels in Macedonia as well as abroad. All the different types of gypsum boards and plasters from Knauf offer architects and installers realization of their boldest design ideas while keeping the buildings comfortable, flexible, easily maintainable and safe.*



Хотел "Романтик" - Дојран



Хотел "Александар Палас" - Скопје



Хотел "Романтик" - Дојран



**4. Хотелски соби и апартмани**

- Срцето, или основната функционална единица на хотелот. Точно е дека мора да импресионира со својот ентериер. Може да е едноставен, минимален, помалку или повеќе декориран, во медитерански или викторијански стил, со или без Wi-Fi, со јакуза или туш-кабина, со поглед на градот или плажата. Но и покрај сите овие удобности, уште првата ноќ, кога Вашето тело треба да одмори од напорниот ден, Вие веќе сте оставени на милоста и немилоста на звучната и термичката изолација на собата. Кнауф системите се оние кои нема да ви наложат никаков компромис помеѓу овие барања и уживањето кое убаво уредениот ентериер му го пружи на туристот кој го споменав на почетокот. Доказ за тоа се сите хотели кои ги избрале нашите системи. Тие добиле звучна изолација поголема од 70dB. Добиле ПП заштита до 3 часа помеѓу просториите. Добиле термички напреден ѕид, кој не дозволува температурата од посетената соба, да се префрли во онаа соседната, која уште нема гостин. Добиле тенок ѕид, кој ги собрал илјадниците километри инсталација. Кабли, цевки, вградливи санитарни елементи, целосно скриени од погледи, а сепак достапни за ревизија и санирање. Конечно, добиле ентериер од гипс. Тоа значи ентериер од докажано здрав материјал, кој е најдобрата реклама за секој објект.

**5. Конференциски сали и ресторани**

- Најфрекфентните простории во секој хотел. Простор каде и се ужива или простор кој се посетува накратко, пред брзо напуштање на хотелот и уживање во убавините на посетениот град. Секако, ова е место кое треба да биде најотпорно на оштетувања предизвикани од столчиња, маси, помошни средства, куфери и неспретни гости, влага, и слични чести фактори. Кнауф плочите со зголемена отпорност и појачано јадро, или гипсфазер плочите се створени за оваа позиција. Дополнително, освен оваа заштитна функција, тие значат и солидно подобрување на звучната изолација, кое секаде е добредојдено.

- Акустиката секако е најважна за удобноста на гостите и повторно е решена со Кнауф перфорираните Клинео плочи, кај кои функцијата на прочистување на воздухот доаѓа до најсилен израз во ресторанite, каде мирисите на јадењето од соседната маса или на рибата која се приготвува во кујната и не се најдобредојдени на Вашата маса, а во слободата на белината во конференциските сали, целосно невидливи, скриени се Кнауф Sound-board звучниците со јачина од 60W. Доволни со пријатна амбиентална музика да го исполнат убаво испланираниот простор. Целосно неочекуван и страшно фраерски ефект.

**6. Влажни и мокри простории.**

- Сувата градба на Кнауф содржи неколку различни типови на плочи, кои се погодни за употреба во влажни или во мокри простории. Секако, едната е добро познатата импрегнирана (зелена) плоча, која





Хотел "Импиксел" - Скопје



Хотел "Ramada Princess" - Гевгелија



Хотел "Hyatt Regency" - Дубаи

има доволна отпорност на влага, да овозможи трајна и квалитетна преграда помеѓу бања и соба, или две бањи во хотелот. Но, се почесто, хотелите содржат и спа-центри, велнес-центри и базени, кои ја креваат класата на хотелот, а со тоа и квалитетот на очекуваните гости. За таква намена, Кнауф ја има цементната Aquapanel плоча, која е единствено квалитетно решение за целосно влажни простории, каде релативната влага изнесува константни 100%, во најголем дел или во текот на целиот ден. Систем на цементна плоча, со цементна исполна на фугите и можности за различни завршни обработки. Глетување, поплочување, рендер завршница, и сл. Систем испробан во многу хотел низ Македонија и светот.

**7. Фасадни ѕидови.**

- Модерниот дизајн на денешните хотели, е елементот кој најмногу ќе го рекламира самиот хотел, не само во медиумите на туризмот, туку и медиумите кои се занимаваат со градежништво, архитектура, дизајн, па и оние "нормалните", комерцијални весници, кои се секогаш во потрага по нешто сензационално и убаво. Нашиот Aquapanel систем на фасаден ѕид е вистинското решение, за оној Ваш прв цртеж на планираната фасада, кој го занемаривте затоа што мислевте дека сеуште нема таков материјал кој може да изведе толку оригинално смислен облик. Обликот е совршен, а ние така и ќе го изведеме. И пак без компромис. Окото на гостинот ќе биде полно, а и џебот на хотелот нема да се празни поради сметките за енергенси за греење/ладење. Дизајн со К-коефициент од под 0,2W/m$^2$K. ДОКАЖАНО! Тука е и нашиот W333 систем на фасаден ѕид, кој е и уште потенок, а контактната фасада која ја има во неговиот состав, веќе си ја докажа функцијата и потребноста на нашата географска ширина.

Најновиот чекор кон целосно осовременување на хотелите, во моментов го прави Хотелот Мериот, во центарот на Скопје. Барајќи напредна термичка изолација, како и звучна изолација која одговара на позицијата на хотелот во градската гужва, инвеститорот се реши за употреба на сувомонтажен фасаден ѕид Кнауф W333, кој се базира на Кнауф Видивал импрегнираните плочи, поставени на единечна потконструкција и со изведена контактна фасада и за кој веќе пишувавме и за кој информации можете да најдете на Кнауф интернет страната.

Конечно, да немаме доволно референтни објекти, па да пишувам подолг текст со објаснување. Ама кога во секој град имаме по неколку хотели кои ги уживаат предностите на нашите системи, јас само Ве канам да испиете едно попладневно кафе во нивните барови и ресторани, да преспиете една ноќ во еден таков, доколку сте надвор од родниот град, или да дојдете на следната Кнауф презентација во една нивна конференциска сала и да ги видиме на дело сите елементи за кои ви зборев до сега. Нема да избегаат од Вашето истренирано око, а и уво.

Арх. Блажен Зотовски

# ХОТЕЛ „СОЛУН“






**Г. Сашо Саздов, сопственик на хотел Солун**

Првиот контакт со Кнауф го имав како инвеститор на саемот за градежништво во Скопје. Таму бевме заедно со г. Панев како мој иден изведувач и после убавото прегледување на штандот, заедно во глава веќе ги имавме Кнауф системите што нам ни се потребни. Остатокот е овде пред Вас. Друго што да речам: задоволни сме од соработката. Повелете посетете нѐ и уверете се лично во квалитетот.







## ПОДАТОЦИ ЗА РЕФЕРЕНТЕН ОБЈЕКТ

### ХОТЕЛ „СОЛУН"- Скопје

**Инвеститор**:
Сашо Саздов

**Изведувач:**
Макдом

**Кнауф партнер**:
Хаски

**Проектант:**
Мишко Арсов

**Ентериер**:
Стоун Дизајн

**Применети системи**:
W112, W113, W115 и W116- преградни sидови
W333 фасадни системи
Кнауф Ревизиони отвори
Лепак за поробетонски блокови






# ИСКУСТВА НА ИЗВЕДУВАЧОТ НА ОБЈЕКТОТ - МАКДОМ - СКОПЈЕ

**Г. Панев, долго време сте во градежништвото. Луѓето околу Вас црпат знаења од Вашето искуство. Како ги гледате денес почетоците на работата со сувата градба?**

Нашата фирма „Макдом" постои од 1991 година и на почетокот немаше ниту добар материјал ниту доволно добри работници за овој занает. Исто така и немаше каде да се учи за сува градба. Беше тоа една смена на генерациите кај мајсторите и за новитетите кај старите мајстори немаше ни голем интерес. Кнауф почна со работа во Македонија во 1994 година кога ги увезувавме првите материјали од Австрија со воз. Мајсторите што работеа за нас други занаетски работи, кои мислевме дека се интелегентни и трудољубиви на научат нешто ново, на лице место им покажувавме и потоа од нив со текот на работата стануваа искусни и вешти. На пример се сеќавам на почетокот многу малку мајстори знаеја како да направат добри ивици со Кнауф плочите (се смее).
За првите големи градежни активности на нашата фирма во странство, поконкретно во градот Тула, во Русија Кнауф материјали порачувавме од Австрија. Денес веќе зад оваа фирма стојат исправени големи и важни објекти. Низ нашава фирма израснаа стотина добри мајстори.

**Кои од тие поголеми проекти би можеле да ни издвоите?**

Во 1994 година имавме доста работа во Собранието на Македонија. Се градеа многу простории во сутеренот: заеднички простории, клуб сали и сл. Потоа во 1995 год следеше градењето на Александар Палас, па потоа и Т.Ц. Бисер во н. Аеродром, Скопје. Имаме градено и во околу 20 објекти на банкарски експозитури, како и станбени објекти. Посебно ми беше предизвик изведбата на салата за коктели во Собранието на Македонија – таму го направивме најголемиот и најтенок перфориран плафон. За оваа покомплицирана изведба соработувавме со една италијанска фирма и сите на крајот бевме задоволни со сработеното. Имаме и работено на хотелски соби на Шар Планина. За 6 месеци направивме 200 соби на надморска висина од 1800 метри. Исто така имаме работено и на хотел во Косово, на проекти во Чешка,



Кувајт и Ирак.

**Какви се состојбите во еснафот од областа на сувата градба денес и дали може да се работи на некакви подобрувања?**

Секогаш може да се работи на подобрувања во градежништвото. Не можам да замислам дека сеуште некои наши колеги прават преградни sидови со по една плоча. Тоа е трагедија. Како може во просторија каде треба да се спие, на пр. спална соба да се изведе преграден sид со само една плоча (н.з. W111)? Проектантите мора да специфицираат точно каков систем треба да се направи. За мали заштеди се прават големи грешки. Често велам „најевтиното е всушност најскапо" и често тоа се потврдувало во праксата.

**Како дојде до работата на најновиот хотел Солун во центарот на Скопје?**

Целиот хотел Солун е правен по препораките на Кнауф. На саемот за градежништво во Скопје го видов фасадниот sид и решив истиот да го вградиме на овој хотел. Поддршката од персоналот на Кнауф во Македонија ни беше од големо значење.

*Die 20-jährige Erfahrung von Hrn. Panev mit den Knauf Trockenbausystemen wurde in den Bau des wunderschönen neuen Hotels im Herzen von Skopje eingesetzt.*

*Mr. Panev's 20 years of experience with Knauf drywall systems were used into building this wonderful new hotel in the heart of Skopje.*

# KNAUF JUNIOR TROPHY 2013

## Скопје, 6 јуни 2013 година



Практичен дел од натпреварот кој носеше најмногу поени



Македонските натпреварувачи Мухамедали Салим и Бујар Салиу

**Кнауф Јуниор Трофеј во последните години станува препознатлив белег на Групацијата Кнауф. Натпреварот кој подразбира собир на најдобрите ученици од стручните градежни училишта низ Европа, веќе прерасна во традиција која се негува уште од 2006 година.**

Тимот на учениците од СГГУ „Здравко Цветковски" на осмиот по ред Меѓународен Кнауф Јуниор Трофеј, натпревар, кој се одржа на 6.06.2013 го освои петтото место. На овогодинешниот натпревар каде честа да биде земја - домаќинка ѝ припадна на Македонија, тимот на натпреварувачи од средното градежно училиште го овозможи најдобриот пласман до сега. „Како петто пласирани, со големо задоволство можам да кажам дека нашата земја го постигна својот најдобар резултат до сега. Конкуренцијата беше навистина силна, секој од тимовите го даде максимумот од себе и поседуваше одлични квалитети, што навистина дополнително ја отежна работата на стручната жири комисија. Овогодинешниот успех, за нас претставува само дополнителен мотив, за да вложуваме во едукација на кадар во сегментот на сува градба, како и да се трудиме и во иднина да овозможуваме високи пласмани на Меѓународниот КНАУФ Јуниор Трофеј", изјави Тодор Деловски, Регионален директор на Кнауф.
На натпреварот кој се одржа во просториите на СГГУ „Здравко Цветковски", со првото место се закити тимот на Австрија, второто место го понесоја учесниците од Литванија, додека пак како трета се пласираше Словенија.
Освен натпреварувачкиот дел, учесниците имаат можност низ меѓусебна дружба каде ќе ги разменат своите искуства и познавања од областа на сувата градба, денес да ги разгледаат убавините на нашата земја, стартувајќи од нашата најголема туристичка дестинација – Охрид.



Победничкиот тим од Австрија, со един



Тестот беше првиот дел од натпреварот




За објективноста на доделување на поените се погрижија и специјалните гости од македонската градежна фела, Каранфилски, Христов, Карапанчевски и Рафтовски



Паралелна панел дискусија на професорите од средните училишта на натпреварувачите и колегите од Кнауф од тие земји



Колегите Ламоја и Златевски ги испитуваат точноста на направените модели



Разгледување на градот Скопје после натпреварот




ствената девојка натпреварувач




Наградите ги доделија регионалиот директор на Кнауф, г. Деловски и директорката на СГГУ Здравко Цветковски, Г-ѓа Драгица Костадиновска



Amazing Macedonia, следниот ден посветен на разгледување на убавините на Македонија

Разговор со г-дин. Александар Макревски

# Knauf AMF – All My Friends

## ДРИМ ТИМ ЗА СПУШТЕНИ ТАВАНИ



БИДЕЈЌИ ПО СТРУКА СУМ ГРАДЕЖЕН ИНЖЕНЕР СОСЕМА ПРИРОДНО ИНТЕРЕСОТ ОСВЕН ВО ПРОДАЖБА НА ГРАДЕЖНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ, МИ БЕШЕ НАСОЧЕН И КОН ИЗВЕДБАТА. СО ТОА ШТО БЕВМЕ ДЕЛ ОД САМАТА ИЗВЕДБА И КАКО ИНЖЕНЕРСКА ПОДДРШКА НА ОБЈЕКТИТЕ, ИМАВ МОЖНОСТ ДА СЕ ГРИЖАМ ЗА КВАЛИТЕТНОТО ВГРАДУВАЊЕ НА КНАУФ СИСТЕМИТЕ, СО СИТЕ СВОИ НЕОПХОДНИ ЕЛЕМЕНТИ.

**ПОЧЕТОЦИТЕ НА СИЛИНГ**

„Фирмата постои од 1994г. и тоа на почетокот под слично име на денешното, кога ја водев заедно со партнери, Македонци кои живееа во Холандија. Иако јас како градежен инженер знаев што е тоа сува градба и гипсени плочи, сепак партнериве ме охрабрија да почнам со тој за тогашно време нов бизнис, предвидувајќи дека тој начин на градење ќе биде иднина за овој дел од Европа. Тоа беа времиња кога овие простори на Балканот беа сведоци на многу промени и неизвесности и требаше некој да ме охрабри да почнам со бизнисот со гипсени плочи и сувата градба воопшто. На почетоците работев главно со минерални модуларни спуштени тавани од брендот Армстронг, но после една средба со моите врсници со кои се познавав одамна, денес регионалниот директор на Кнауф, Тодор Деловски и одговорниот за продажба на Кнауф во Македонија, Велимир Петровски се решив да работам со Кнауф и веќе во 1995г. го увезов првиот камион Кнауф системи од Амфилохија, Грција."

***Herr Makrevski spricht über die Vergangenheit und die Gegenwart seines Unternehmens und seiner Beziehung zu Knauf. In diesem Moment bereitet sich das Unternehmen für den Umzug in die neuen Büroräume vor und macht Pläne für die Zukunft.***

***Mr. Makrevski talks about the history and the present of his company and his relationship with Knauf. At the moment the company is preparing to move into a new premises and making plans for the future.***





**СИЛИНГ денес**

На почетокот бевме само 2 вработени и немавме сопствен магацински простор.Со текот на времето како се зголемуваше обемот на работа сама по себе се наметна потребата од сопствен објект. Конечно пред неколку години се решивме да отпочнеме со изградба на сопствен деловно-магацински објект на улица Првомајска,кој е во завршна фаза и каде наскоро ќе се сместиме сите вработени во фирмата, до тогаш веројатно ќе бидеме 7 на број. Бидејќи по струка сум градежен инженер сосема природно интересот освен во продажба на градежните материјали, ми беше насочен и кон изведбата. Иако работиме со подизведувачи-секако, фирми кои работат со Кнауф материјали, со тоа што бевме дел од самата изведба и како инженерска поддршка на објектите, имав можност да се грижам за квалитетното вградување на Кнауф системите, со сите свои неопходни елементи. Ова всушност и ја прави фирмата СИЛИНГ поразлична од многу други продажни места на Кнауф. Друго нешто по што нашата фирма е препознатлива е компензацијата. Уште на почетоците кога другите фирми што работат со Кнауф се плашеа да почнат да работат со компензации со станови,ние уште во 1997/98 ја направивме првата компензација со стан со една градежна фирма. Така отворавме нови пазари, и со тоа се помагаше на градежните фирми кои градеа згради. Врз сето тоа, се промовираше секогаш сувиот начин на градба со квалитетни Кнауф материјали, кои во деведесеттите секако потешко влегуваа на објект во споредба со денес кога Кнауф е речиси неодминлив дел од високоградбата. И денес продаваме 4-5 станови годишно како дел од тој систем на компензации.

**РЕФЕРЕНТНИ ОБЈЕКТИ**

СИЛИНГ главно учествува во изградбата на порепрезентативни објекти. Како некои кои можам да ги издвојам би ги спомнал: Хипериум центарот, Граве Осигурување,Дистрибутивниот центар Нелт и Базенот Карпош во Скопје, а во моментов работиме во новата фабрика за автобуси ВанХоол како и Пилотскиот Тренинг Центар во Петровец. Сме учествувале со продажба со наши материјали преку наши партнери-изведувачи во повеќе објекти како хотелот Радика во Леуново ,Министерство за земјоделие, Аеродром ТАВ и други.

**СПОРТОТ КАКО ПАСИЈА**

Пред 20-тина години бев активен во спортот. Бев член на кошаркарските екипи на Алумина и Вардар,со Алумина во сезоната 93-94 бев учесник на првото државно првенство во кошарка во самостојна Македонија. Сега за жал немам многу време за активно занимавање со спорт, освен повремените прошетки по кеј со велосипед со синот Кристијан во кои уживам.Исто така секој слободен ден во зимскиот период со фамилијата го користиме за рекреативно скијање.Од друга страна, не пропуштам да погледнам квалитетен натпревар во кошарка или ракомет, дали во сала или пред телевизор. Со синот навиваме за МЗТ. Неодамна заедно со деловни партнери на Кнауф од регионот имавме можност да посетиме дел од натпреварите на Македонската Репрезентација на Европското Првенство во кошарка во Словенија. Тоа беше убава Кнауф иницијатива, каде можевме освен да зборуваме за бизнис, да се радуваме на убавините на спортот и животот, опкружени со деловни партнери со кои веќе сме и пријатели. Како што некој од АМФ ни рече еднаш, AMF значи All My Friends! Убаво е кога деловниот партнер може да го наречеш и пријател!



**СИЛИНГ ПЛАНОВИ ЗА ИДНИНА**

Нашата фирма како овластен дистрибутер на производителот на минерални модуларни плафони AMF од Германија(инаку фирма ќерка на Кнауф) заедно со уште еден дистрибутер држи повеке од 80% од сегашниот пазар на минерални плафони во Македонија.Со намера сме овој висок процент во иднина во најмала рака да го задржиме. Со отворањето на нашиот нов деловен простор и нашите планови за иднина се проширувааt: сакаме да ја интензивираме и зголемиме продажбата на производите од програмата на фасади од Knauf Marmorit од Земун, и изолацијата од фирмата Knauf Insulation од Сурдулица во Србија.








КНАУФ АКАДЕМИЈА

# Кнауф Академија

## корисни информации и предавања, од стручни лица, за актуелни теми

Во соработка со Градежниот факултет од Скопје и Комората на овластени архитекти и инженери на Македонија, Кнауф организираше две т.н. Кнауф Академии. Првата Кнауф Академија, одржана на Градежниот Факултет во Скопје беше на тема Енергетска Ефикасност, а втората по ред на тема „Противпожарна заштита на објектите и градежните системи“. Со свои предавања и презентации во Бизнис салата на Скопски саем се претставија професорите Мери Цветковска и Петар Цветановски од Градежниот факултет од Скопје, Блажен Зотовски од Кнауф Македонија и Един Далифи од Knauf Insulation од Србија. Универзитетските професори одржаа исцрпни предавања поврзани со пожарот како процес кај армиранобетонските и челичните конструкции, последиците од неговата појава и можностите за негово превенирање преку употреба на квалитетни материјали за противпожарна заштита.
Шест милиони пожари се случуваат годишно во светот во кои гинат во просек по 50 илјади луѓе и се предизвикува материјална штета од 100 милијарди долари. Времето потребно за заштита од проширување на малите пожари во поголема несреќа денеска е намалено на само три минути, што претставува временски период во кој противпожарните екипи не можат да пристигнат за да дејствуваат. Овие загрижувачки податоци беа изнесени на денешното предавање „Противпожарната заштита на објектите и градежните системи“, во склоп на втората по ред „Кнауф Академија“. Кај компаниите, архитектонскиот, градежниот кадар и пошироката јавност во Македонија треба да се зголеми свеста за превенција, а најдобар чекор во таа насока е употребата на огноотпорни градежни материјали при изградбата на објекти, кои можат да спасат човечки животи и да ја редуцираат настанатата штета.
На денешниот настан беше презентиран богатиот избор на градежни производи со висока противпожарна заштита од компанијата Кнауф, а особено внимание се посвети на несогорливите гипсени плочи Knauf Fireboard, Knauf Vidifazer и на цементната плоча Knauf Aquapanel. Преку презентацијата на Блажен Зотовски беа понудени системи за противпожарна заштита на еден објект, почнувајќи од преградните ѕидови, ѕидните облоги, преку надворешните фасади, спуштените плафони и таваните во внатрешните простории, до специфичните канали за инсталација и вентилација. Един Далифи од Knauf Insulation Србија ги претстави несогорливите камена и стаклена минерална волна, осврнувајќи се на европските и домашните искуства во примената на огноотпорни материјали во објектите.



Астрид Маир, Технички Универзитет Виена

# Австриски студент по архитектура на пракса во Скопје

**- Зошто реши да ја одбереш Македонија како земја каде ќе отидеш на професионална пракса?**
Една од повеќето причини зошто решив да дојдам во Македонија беше фактот што јас едноставно не знаев многу за земјата. Тоа е малку срамота, кога ќе се земе предвид колку блиску географски се Австрија и Македонија. Затоа пракса во Македонија ми изгледаше многу пофасцинантно и поавантуристички од некои подалечни земји за кои сепак знаев повеќе или за кои имав доста слушнато. Секако тука одлучуваше и понудата за пракса од компанијата Кнауф, која за мене како архитект беше прилично примамлива. Најпривлечна ми беше можноста да видам од внатре како функционира една глобална компанија за производство на градежни материјали, како и да научам подобро за многуте различни Кнауф производи кои неизбежно ќе ги употребувам во иднината.

**- Овдека си повеќе од 2 месеци. Каква е разликата во архитектонскиот пристап овде, во Скопје во споредба со Виена каде студираш?**
Кога пристигнав во Скопје позитивно се изненадив од бројот на градилишта низ градот. Се изненадив и од урбаноста и глобалноста на градот. Но секако архитектонскиот пристап се разликува значително од тој во Виена. Пренагласената тенденција во реновирање на објекти кои одамна не постојат или градење на објекти во неокласичен стил ми е малку бизарна. Мислам дека не може да се постигне истиот ефект со згради кои се навистина стари и имаат посебна атмосфера околу нив, и нови контруирани згради во некој дамнешен стил.

**- Кои ти се омилени објекти во Скопје или Македонија?**
Тешко ми е да издвојам една бидејќи во Скопје открив повеќе спектакуларни архитектонски зданија. На пример многу ми се допадна Чаршијата со кривулестите улички накитени со стари ориентални куќички. Кога влегов во една таква многу се изненадив кога видов огромен отворен двор позади. Иаку сосема поинаков стил од претходните, друг објект кој би го издвоила е зградата на Централната Пошта. На прв поглед објектот изгледа брутално за да кога ќе го загледаш поубаво ја откриваш неговата убавина и многуте ситни детаљи кои се проектирани на еден разигран интересен начин.

**- Кој ти е омилен Кнауф систем или производ?**
Веројатно тоа би била Кнаиф Cleaneo плочата. Ми беше фасцинантно како една „обична" гипсена плоча има толку многу функции: и подобрува акустика, и квалитетот на воздухот во просторијата каде е вградена и врз сето тоа просторот изгледа поубав!

**- Дали би ја препорачале нашата компанија за пракса на идните странски студенти?**
Дефинитивно би препорачала вакво искуство. Во Кнауф не само што научив многу за гипсот како здрав градежен материјал и производите направени од него, туку имав можност и да видам како функционира една меѓународна компанија. Посебно ќе ми недостигаат колегите во Кнауф кои беа многу пријателски настроени кон мене и со кои имав прекрасни стручни дискусии на многу теми од мојата идна професија но и од животот воопшто. Ќе ми биде тешко да си заминам, Македонија некако ми стана како дома. Овде го доживувам едно од моите најубави искуства во животот и се надевам ова е само привремена разделба со Македонија и дека ќе имам прилика да се навраќам тука повторно и повторно...












*Unsere österreichische Praktikantin berichtet von ihren Erlebnissen während ihres Praktikums in unserer Firma. Sie erzählt von ihren Eindrücken, die sie hier in Mazedonien sammeln konnte und dem Bauboom im Zentrum. Sie wählt ihr Lieblingsmaterial von Knauf und sie empfiehlt unsere Firma anderen zukünftigen Studenten aus dem Ausland auf jeden Fall weiter.*

*Our trainee from Austria shares her experience from her traineeship in our company. She talks about her impressions from Macedonia and the building spree in the capital. She chooses her favourite Knauf material and she definitely recommends our company for other future students from abroad.*



Продажбата како занает не е лесна и секако е поврзана со постојани контакти и постојано зборување на телефон и работа пред компјутер, но мислам дека се снаоѓам во неа и си наоѓам сатисфакција во работата и после толку години работно искуство. Понекогаш знае да ми се случи кога ќе ми заѕвони фиксниот телефон дома, ако сум замислена или зафатена со нешто друго да речам„Кнауф, добар ден!"

## Г-ЃА ЛИДИЈА ТУФА, РЕФЕРЕНТ ЗА ПРОДАЖБА ВО МАКЕДОНИЈА

# Кнауф, Добар Ден

*Fr. Lidija Tufa ist eine der ersten drei Mitarbeiter die in Knauf Mazedonien angestellt wurden. Sie arbeitet als Handelsvertreterin/Vertriebsmitarbeiterin und ist verantwortlich für den Mazedonischen Markt. Sie erzählt von ihrer Arbeit für Knauf in den letzten 20 Jahren, dem immensen täglichen Daten- und Kommunikationsfluss zwischen ihr und all ihren Kunden, sowie von ihrer Inspirationsquelle für einen weiteren erfolgreichen Tag bei Knauf.*

*Ms. Lidija Tufa is one of the three first employees in Knauf Macedonia. She works as a sales representative for the Macedonian market. She talks about the work in Knauf in the last 20 years, the communication overload she has daily with all her customers as well as about her source of inspiration for every next successful day at Knauf.*

**• Вие сте дел од екипата која од некогашна Радика, премина во Кнауф и сеуште совршено се снаоѓа во фирмата која има малку поинаква филозофија на работа од поранешната фабрика?**
Во поранешната фирма Радика се вработив на 18 Август 1981 година. Во 1994 година се префрлив во новиот тим на Кнауф Радика каде на почетокот бевме запослени само јас, колешката Маја Каркалашева и секако сегашниот регионален директор на Кнауф, г. Тодор Деловски. Морам да признам на почетокот работев со некакво чувство на неизвесност како и при секоја новост во животот, се додека не ги запознав колегите Каркалашева и сегашниот директор Деловски и веднаш се вклопив во нивниот тим. На почетокот ми беше проблем да се снајдам со германскиот јазик и кога бев сама во старата наша канцеларија во центарот на Скопје мораше буквално секако да се снаоѓам и импровизирам во врска со тоа, поготово кога ќе дојдоа некои германски колеги кои зборуваа само германски. Имав една случка кога успеав на Кнауф вработени од Германија дојдени во Скопје од Кнауф Радика во Дебар, да им организирам транзит кон Германија



преку тогашна Србија, и требаше да им извадам визи и се што им требаше тогаш без да се разбереме речиси ништо помеѓу нас!

**• Да се работи продажба и да се има многу контакти со многу луѓе секој ден не е лесно. Како се справуваш со тие секојдневни предизвици? Каде го наоѓаш твојот мир? Приватно исто така сте  успешна жена, со семејство, деца и внуци.**
И во претходната фирма, во Радика, имав многу контакти со многу луѓе кои не ги познавав и тие се менуваа постојано. Сегашните контакти се главно со поголема група на наши купувачи кои ми се добро познати. Некои од нив ги слушам со години и иако не сум ги сретнала никогаш лично се чувствувам како да ги знам цел живот, како да ми се семејство. Продажбата како занает не е лесна и секако е поврзана со постојани контакти и постојано зборување на телефон и работа пред компјутер, но мислам дека се снаоѓам во неа и си наоѓам сатисфакција во работата и после толку години работно искуство. Понекогаш знае да ми се случи кога ќе ми заѕвони фиксниот телефон дома, ако сум замислена или зафатена со нешто друго да речам „Кнауф, добар ден!"

**• На работа од секогаш сте изгледале убаво, дотерана и насмеана. Што Ве тера да одите понатаму?**
Да не звучи како повторување, но секако мене ми е семејството изворот на мир и инспирација. Горда сум на своите деца кои се многу успешни во тоа што го работат. Мислам дека сум ги научила на многу работи и сум ги подготвила да функционираат во светот. Мојата ќерка е успешен доктор-стоматолог во САД, а синот - архитект кој планира кариерата да ја продолжи надвор од земјата. Секако сакам да се тие до мене, но и вака се гледаме и се сакаме дури уште повеќе. Ако е некој амбициозен треба да си ги брка своите соништа, каде и да тоа биде. Ние како родители секако ќе ги поддржуваме во секој момент колку што можеме.

**• Вие сте највозрасниот и најискусен вработен во фирмата. Би ја препорачале ли фирмава за работа и на идните генерации?**
Најпрво да кажам дека се гордеам што работам во една германска фирма во Македонија! Германците генерално се навистина вреден и педантен народ, па така и во нивните фирми се почитува работата и ангажманот. Се обидувам и мислам дека успевам да ги следам, работејќи по тие принципи. Секако, Кнауф е работодавач како што секој во Македонија и светот може да посака. Се надевам и во иднина во Кнауф ќе работат комуникативни, вредни и услужливи луѓе, бидејќи производители на градежни материјали има многу, но целокупниот сервис што ние го нудиме на сите потенцијални и идни наши купувачи е уникатен кај нас!









# Кнауф – традиционален партнер на престижното Охридско Лето






Посетителите на отворањето на Охридско лето полека полека го склопуваат Кнауф мозаикот поставен во античкиот театар.

Ни претставуваше чест и задоволство и оваа година, речиси веќе традиционално, да ја поддржиме македонската култура, како еден од главните спонзори на најзначајната културна манифестација во државава - Фестивалот Охридско лето.

Охридско лето оваа година го доживеа своето 53-то издание. Фестивалот се издигна во исклучителна културна придобивка за Охрид и Република Македонија, но и многу пошироко. Манифестација на најрепрезентативен начин ги претстави Охрид и Македонија во светот.



# Кнауф одговорните за маркетинг од Европа, во Македонија




**Г-дин Фредерик Кнауф, маркетинг директор на Кнауф групацијата**

Овогодинешната конференција на Кнауф маркетинг одговорните од повеќе земји од Европа се одржа во мај, во Охрид. Најзначаен гостин-предавач беше г. Фредерик Кнауф, маркетинг директорот на Кнауф групацијата. Се дискутираа стратешки и актуелни теми за маркетингот на Кнауф групацијата во следниот период. Освен работниот дел, во попладневните часови гостите можеа да направат разгледување на градот Охрид и знаменитостите околу градот. За многумина ова беше прва посета на Македонија. Конференцијата заврши со позитивни работни заклучоци и секако силни впечатоци од шармот на Охрид и Македонија.





KNAUF



## КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ


**Кнауф Радика АД - Дебар**
ул. 8 Септември бб, 1250 Дебар
Тел: 046 839 200; Факс: 046 831 650

**Канцеларија за продажба и маркетинг**
бул. Александар Македонски бб, 1000 Скопје
Тел: 02 3235 750; Факс: 02 3235 760

info@knauf.com.mk

www.knauf.com.mk




### ТАВАНСКИ СИСТЕМИ
- Тавански системи од гипсени плочи
- Акустични и тавани со специјален дизајн
- Облоги на поткровје



### ЅИДНИ СИСТЕМИ
- Преградни ѕидови на метална потконструкција
- Ѕидни облоги и инсталациски канали
- Санитарни градежни системи и ревизиони отвори
- Системи за лизгачки врати



### ПОДНИ СИСТЕМИ
- Самонивелирачки подови
- Повишени подови
- Маси за порамнување



### СИСТЕМИ ЗА ФАСАДИ И ИЗОЛАЦИСКИ СИСТЕМИ
- Контактна фасада



### СИСТЕМИ ЗА МАЛТЕРИСУВАЊЕ
- Гипсени глет малтери



### БАУМАРКТ ПРОГРАМА – НАПРАВИ САМ (ГРАДЕЖНА ХЕМИЈА)
- Лепаци за плочки и фуги
- Глет маси, лепаци, дихт ленти, израмнувачи, алати
- Средства за чистење и нега

## КНАУФ КОНСАЛТИНГ

### СОВЕТУВАМЕ ЗА:
- Системи за сува градба
- Монтажни куќи
- Системи за малтерисување
- Фасадни системи
- Подни системи
- Системи за поплочување
- Баумаркт програма - Направи сам (Градежна хемија)

### ШКОЛУВАЊА ЗА:
- Проектанти
- Изведувачи
- Градежни фирми
- Трговци

**Остануваме посветени на примената на современите меѓународни стандарди во нашето работење. Покрај веќе стекнатиот сертификат ISO 9001:2008, Кнауф Радика АД - Дебар неодамна се здоби со уште два:**



IQNet
THE INTERNATIONAL CERTIFICATION NETWORK
CERTIFICATE
"KNAUF Radika" AD
"8 Septemvri" bb, 1250 Debar, Macedonia
ENVIRONMENTAL MANAGEMENT SYSTEM
ISO 14001:2004
Signatures removed for security reasons



IQNet
THE INTERNATIONAL CERTIFICATION NETWORK
CERTIFICATE
"KNAUF Radika" AD
"8 Septemvri" bb, 1250 Debar, Macedonia
OCCUPATIONAL HEALTH AND SAFETY MANAGEMENT SYSTEM
BS OHSAS 18001:2007
Signatures removed for security reasons

**- Сертификат за имплементиран ISO 14001:2004...**
за управување со животната средина (кој има за цел намалување на влијанието врз природата и животната средина)

**- Сертификат за имплементиран BS OHSAS 18001:2007**
за управување со здравје и безбедност при работа (кој има за цел спречување или намалување на повредите на работното место и подобрување на работните услови)

youtube.com/KnaufMacedonia

facebook.com/KnaufMacedonia